**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**СЕКТОР ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ**

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

**за имплементација на Националниот план за акција за родова рамноправност**

**за 2012 година**

**СКОПЈЕ, Февруари 2012**

**Изработил: Јована Тренчевска**

**Контролирал: Мирдита Салиу**

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД**

**ПРИОРИТЕТНИ СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ И АКТИВНОСТИ**

1. **Жените и човековите права**
2. **Жените во процесот на одлучување**
3. **Жените и здравјето**
4. **Жените и социјалната заштита**
5. **Жените и вработувањето**
6. **Жените и насилството**
7. **Жените и мировните активности**
8. **Жената и медиумите**

## ВОВЕД

Владата на Република Македонија во јуни 2007 година го донесе Националниот план за акција за родова рамноправност 2007-2012. Националниот план за акција за родова рамноправност е стратешки документ на Владата на Република Македонија, кој ги дефинира целите, мерките, индикаторите, клучните креатори на политиката за унапредување на родовата рамноправност во различните области од животот,

одговорните чинители и сите засегнати страни во воспоставувањето на родовата рамноправност и еднаквите можности на жените и мажите во Република Македонија и истиот е димензиониран за периодот 2007-2012.

Основна цел на овој документ е имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите, унапредување на родовата рамноправност и воспоставување на еднакви можности за жените и мажите, како и обезбедување на континуирано унапредување на статусот на жените во Република Македонија.

Одговорен субјект, задолжен за имплементација на Националниот план за акција за родова рамноправност е Министерството за труд и социјална политика, преку Секторот за еднакви можности, ресорните министерства во Владата на Република Македонија, како и одговорните субјекти во локалната самоуправа.

Заради успешно спроведување на политиките и мерките за унапредување на родовата рамноправност, Министерството за труд и социјална политика, секоја година изработува годишен оперативен план.

Во годишните оперативни планови се дефинираат приоритетните области и мерки, конкретните активности кои ќе бидат реализирани, како и временската рамка за нивна реализација, со цел успешна имплементација на Националниот план за акција за родова рамноправност.

**ПРИОРИТЕТНИ СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ, ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ за 2012 год.**

**1. ЖЕНИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА**

| Р.бр. | Цели | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Фискални импликации |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Стратешка цел I**<br><br>**Унапредување на правата на жената** | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1** | | Континуирано следење на усогласеноста на домашното законодавство со меѓународните стандарди и негово спроведување | МТСП | 2012 | Измени и дополнување на законска регулатива | Нема |
| **1.2** | | Континуирано водење на евиденција за пристигнатите претставки | МТСП | 2012 | Број на пристигнати и одлучени постапки | Нема |
| **1.3** | | Дисеминација на меѓународните документи за правата на жената вклучително и препораките на Комитетот на ОН за елиминација на дискриминација врз жените; | МТСП | 2012 | Зголемена информираност и свесност на јавноста за човековите права и заштитата на првата на жената | нема |
| **2** | **Стратешка цел II**<br><br>**Ефективно остварување на правата на жените** | | | | | |
| **2.1** | | Следење и известување на јавноста за остварувањето на правната заштита на | НП | 2012 | Изготвен извештај за бројот на поднесени, | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | принципот на еднаквите можности на жените и мажите пред Народниот правобранител | | | покренати и решени претставки од страна на Народниот правобранител | |
| | | Следење на состојбата во поглед на иницирани, спроведени и завршени претставки за дискриминација по основ на пол кај Народниот правобранител, Комисијата за заштита од дискриминација | МТСП | 2012 | Изработени извештаи за состојбата во однос на дискриминација по основ на пол | Нема |
| **3** | **Стратешка цел III**<br><br>**Подигнување на правната писменост, заради унапредување на правната заштита на жената во случај на повреда на нејзините права** | | | | | |
| **3.1** | | Информирање на јавноста за надлежностите на Застапникот во постапката за правната заштита од дискриминација врз основа | МТСП | 2012 | Повисоко ниво на информираност на јавноста за улогата и работата на | Нема |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | на пол во јавниот и приватниот сектор | | | Застапникот<br><br>Зголемен број обраќања до Застапникот | |
| **3.2** | | Објавување и дисеминирање на прилагоднени инфорамции на национално и локално ниво за националните и меѓународните механизми за заштита на правата на жената | МТСП | Континуирано во текот на 2012 | Објавени и дисеминирани информации на национално и локално ниво | Нема |
| **3.3** | | Родово одговорно буџетирање - внесување на родовата перспектива во буџетските политики на Владата на Република Македонија | МТСП | 2012 | Изработка и усвојување на Стратегија за родово буџетирање Покренување на родово буџетски иницијативи | Обезбедени средства од UN WOMEN 2.450.460,00 денари |

**2. ЖЕНИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОДЛУЧУВАЊЕ**

| Р.бр. | Цели | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Фискални импликации |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Стратешка цел I**<br><br>**Унапредување на машинеријата за родова рамноправност на национално и локално ниво** | | | | | |
| **1.1** | | Зајакнување на капацитетите, подобрување на видливоста на човечките и финансиските ресурси на Секторот за еднакви | МТСП | 2012 | Реализирани програми на Секторот за еднакви можности | Средства од буџетот на МТСП од програмата Еднакви |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | можности при Министерството за труд и социјална политика | | | Алоцирани средства од Буџетот<br><br>Подобрена информираност на граѓаните за инцијативите на Секторот за еднакви можности | можности на жените и мажите во висина од 450.000,00 денари |
| **1.2** | | Унапредување на механизмите за соработка и координација меѓу институционалните механизми за родова рамноправност на национално и локално ниво | МТСП, КЕМ во ЕЛС и Собрание на РМ | 2012 | Број на заеднички иницијативи<br><br>Број на доставени извештаи | Нема |
| **1.3** | | Континуирана едукација на субјектите вклучени во институционалните механизми | МТСП | 2012 | Број на реализирани настани | Средства од УН жени, ОБСЕ, Совет на Европа |
| **1.4** | | Информирање на јавноста за функционирањето, структурата и механизмот за родова рамноправност | МТСП | 2012 | Информирана јавност и повисоко ниво на јавната свест за важноста и можноста за постигнување на родовата рамноправност и државните политики | Нема |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | во тој домен | |
| **1.5** | | Изработка и донесување на Стратегија за родова еднаквост | МТСП, Влада на РМ, Собрание на РМ | 2012 | Изработена и усвоена Стратегија за родова еднаквост | Обезбедена странска помош од ОБСЕ во висина од 365.000,00 денари |

## 3. ЖЕНИТЕ И ЗДРАВЈЕТО

| **Р.б** | **Стратешка цел** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Фискални импликации** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **СТРАТЕШКА ЦЕЛ I**<br>Обезбедување на релевантни и навремени полово-разделени статистички показатели во областа на здравството и подигање на свеста за нивното значење | | | | | |
| **1.1** | | Довршување на процесот на дефинирање и воедначување на регулативите (Правилник и Упатство за методологиите за собирање на здравствени податоци и нивна | Институт за Јавно Здравје<br><br>Министерство за здравство | 2012 | Донесен Правилник<br><br>Донесено Упатство | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | дисеминација) | | | | |
| **1.2** | | Едукација (обука) за примена на новите методологии | Институт за Јавно Здравје | Декември 2012 | Одржани семинари | |
| **2** | **Стратешка цел II Подобрување на информираноста и засилување на одговорноста за сексуалното и репродуктивното здравје** | | | | | |
| **2.1** | | Мониторинг на системот за регистрација на користење на контрацептивните средства | Институт за Јавно Здравје и советувалишта за СРЗ во 10 Центри за јавно здравје,<br><br>гинеколошки ординации во јавен и приватен сектор | 2012 | Добиени податоци за користење на контрацептивни средства | Обезбедени од МЗ |
| **2.2** | | Изработка на флаери-здравствено-пропаганден материјал | Институт за Јавно Здравје<br><br>МТСП | 2012 | Изработени флаери за безбеден абортус, контрацепција и | Обезбедени од МЗ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | превенција на СПИ | |
| **2.3** | | Континуирана едукација на граѓаните за одговорноста кон сопственото здравје, за превенција на несакана бременост, превенција од СПИ, ХИВ/СИДА, насилство и др. | Институт за Јавно Здравје (Секторот за промоција, анализа и следење на незаразните болести)<br>Министерство за Здравство<br>МТСП | 2012 | Одржани предавања, работилници | Обезбедени од МЗ |
| **2.4** | | Континуирана едукација на здравствени професионалци за развивање на вештини за советување и комуникациски вештини, освежување на знаењата за контрацепција и заштита од СПИ, безбеден абортус и др. | Институт за Јавно Здравје<br>Министерство за Здравство<br>МТСП | 2012 | спроведени работилници | Обезбедени од МЗ |
| **2.5** | | Интензивирање на соработката меѓу Министерството за образование и | Министерство за Здравство<br>Институт за јавно | 2012 | Одржани состаноци и трибини | Обезбедени од МЗ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Министерството за здравство со цел зголемување на информираноста на младите луѓе во школска возраст, како и здравственото просветување во раната возраст | здравје<br><br>Министерство за Образование и Наука<br><br>СЕМ во МТСП | | | |
| 3 | **СТРАТЕШКА ЦЕЛ III**<br>**Подобрување на превентивните програми за унапредување на здравјето на мажите и жените за најчестите состојби во однос на морбидитетот и морталитетот** | | | | | |
| **3.1** | | Спроведување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Р. Македонија во 2012<br><br>(рак на дојка, рак на грло на матка и рак на дебело црево) | Министерство за Здравство<br><br>Институт за јавно здравје<br><br>10 Центри за јавно здравје<br><br>Матични доктори | 2012 | Број на извршени превентивни прегледи | Обезбедени од МЗ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Општи болници<br>Гинеколошки ординации | | | |
| **3.2** | | Спроведување на Програмата Здравје за сите | МЗ<br>Институт за јавно здравје<br>Здравствени домови | 2012 | Број на извршени прегледи | Обезбедени од МЗ |
| **3.3** | | Изработка на Извештај за извршениот скрининг за детекција на малигните неоплазми во РМ | Институт за Јавно Здравје | Јануари 2012 | Подготвен извештај (публикација) | Обезбедени од МЗ |
| **3.4** | | Изработка на Извештај од Програмата Здравје за сите | Институт за Јавно Здравје | 2012 | Подготвен<br>Извештај<br>(публикација) | Обезбедени од МЗ |
| **3.5** | | Изработка на флаери-здравствено-пропаганден материјал<br>За превенција на малигни неоплазми | Институт за Јавно Здравје<br>МТСП | 2012 | Изработени флаери за превенција на рак на дојка, рак на грло на матка, рак на дебело црево | Обезбедени од МЗ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.6** | | Едукација на превентивните тимови во рамките на здравствените домови со цел за зголемување на нивото на информираност на здравствените работници кои треба да работат на подигање на свеста и нивото на знаења на младите од областа на сексуалното и репродуктивно здравје | Институт за Јавно Здравје<br>Центри за јавно здравје<br>СЕМ | 2012 | Одржани предавања | Обезбедени од МЗ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.7** | | Едукација на патронажните сестри кои при посета на семејствата во домот даваат совети и пружат основни превентивни услуги врзани за планирање на семејство, мајчинство, менопауза, вршат упатување во соодветни институции за разрешување на одредени здравствени, социјални и друг вид проблеми на членовите на семејствата на кои тие услуги им се потребни | Институт за Јавно Здравје<br>Центри за јавно здравје | 2012 | Одржани предавања | Обезбедени од МЗ |

**4. ЖЕНИТЕ И СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА**

| Р.б | Стратешка цел | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Фискални импликации |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **СТРАТЕШКА ЦЕЛ III**<br><br>**Обезбедување релевантни, навремени и сеопфатни статистички показатели за корисниците на системот на социјална заштита** | | | | | |
| **1.1** | | Осовременување и воедначување на методологијата за собирање на родово разделени податоци и нивна дисеминација | -ЈУ Завод за социјални дејности, и<br><br>- Центри за социјална работа | 2012 | месечни, тримесечни, шестмесечни, годишни и извештаи по потреба за корисниците на социјални услуги (по пол, и по било кој друг индикатор кој го има во програмата) | Нема фискални импликации |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.2** | | Едукација и обука за примена на методологијата за прибирање на податоците | -ЈУ Завод за социјални дејности, и<br><br>- Центри за социјална работа | 2012 | Обучени стручни работници во Центрите за социјална работа | Обезбедени од буџетот на Заводот за социјални дејности |

**5. ЖЕНИТЕ И ВРАБОТУВАЊЕТО**

| Р.б | Стратешка цел | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Иindикатори | Фискални импликации |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Зголемување на стапката на вработеност кај жените во вкупната** | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **стапка на вработеност** | | | | | |
| **1.1** | | Обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемнитвото, изготвување на одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и фин. поддршка за започнување на бизнисот или фин. поддршка за постојни бизниси на евидентирани невработени лица кои имаат искуство во вршење на дејноста. | МТСП, АВРМ, УНДП, ЦРРМ, АППРМ | 2012 | Број на жени кои ја завршиле обуката<br>Број на жени кои добиле субвенција за отпочнување сопствен бизнис или за регистрирање (формализирање) на постојниот бизнис | Обезбедени средства од Буџет на МТСП кон АВРМ (УНДП) |
| **1.2** | | Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот- обучување на евидентирани невработени лица за стекнување на вештини од побаруваните занимања, според искажаните потреби на пазарот на рботна сила, заради зголемување на нивната вработливост. | МТСП, АВРМ, МОН, ЦСОО, ЦОВ, ЦСР, УНДП изведувачи на обуки (образовни установи и институции) | 2012 | Број на жени кои ја завршиле обуката | Буџет на АВРМ |
| **1.3** | | Обука за напредни ИТ вештини- обучување на евидентирани невработени лица за надградба на нивните вештини од областа на | МТСП, МИОЈА, АВРМ изведувачи на обуки | 2012 | Број на жени кои ја завршиле обуката | Буџет на АВРМ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | информациските технолигии заради зголемување на нивната вработливост. | | | | |
| **1.4** | | Обука кај познат работодавач за стекнување и дополнување на знаењата на евидентираните невработени лица заради нивно полесно вработување. | АВРМ | 2012 | Број на жени кои ја завршиле обуката<br>Број на жени кои се вработиле по завршувањето на обуката | Буџет на АВРМ |
| **1.5** | | Едукација за започнување на бизнис -обучување на евидентирани невработени лица за различни вештини и техники за започнување и водење на сопствен бизнис | АВРМ, АППРМ | 2012 | Број на жени кои се едуцирале за започнување на бизнис | Нема финансиски импликации |
| **1.6** | | Практиканство на евидентирани невработени лица за стекнување со одредени практични знаења и вештини заради зголемување на нивната вработливост. | МТСП, АВРМ Работодавачи | 2012 | Број на жени кои завршиле практиканство | Буџет на АВРМ |
| **2** | **Подобрување, унапредување и зајакнување на економскиот статус на жените** | | | | | |
| **2.1** | | Субвенционирање на вработување -обезбедување на | МТСП, АВРМ, ЦСР | 2012 | Број на евидентирани невработени жени за | Буџет на АВРМ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | финансиска поддршка, заради вработување на евидентирани невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот. | | | кои е обезбедена финансиска поддршка заради вработување | |
| **3** | **Стратешка цел Зголемена стапка на вработеност на жената во руралните средини** | | | | | |
| **3.1** | | Субвенционирање на плидоуживатели на др`авно земјоделско земјиште– доделување на државно земјоделско земјиште на евидентирани невработени лица кои се приматели на социјална помош. | МЗШВ, МТСП, АВРМ, ЦСР, ПИОМ | 2012 | Број на евидентирани невработени жени на кои им е доделено државно земјоделско земјиште | Буџет на АВРМ |

**6. ЖЕНИТЕ И НАСИЛСТВОТО**

| **Р.б** | **Стратешка цел** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Иindикатори** | **Фискални импликации** |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Стратешка цел I**<br>**Обезбедување на релевантни статистички податоци за присуството на насилството врз жената вклучувајки го и семејното насилство** | | | | | |
| **1.1** | | Дефинирање и воедначување на методологиите за собирање податоци за присуството на насилството врз жената, вклучувајќи го и семејното насилство | МТСП-Сектор за социјална заштита, МП, МВР, МЗ | 2012 | Воведена унифицирана методологија и интерсекторски систем на собирање на податоци за насилството врз жените | Обезбедени средства од странска помош Агенции на Обединетите нации |
| **2** | **Стратешка цел II**<br>**Подобрување на информираноста, јакнење на јавната свест и едукација за проблемот на сите видови насилство** | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.1** | | Спроведување на континуирани кампањи на информираноста, јакнење на јавната свест и едукација за проблемот на сите видови насилство | МТСП Сектор за социјална заштита, Сектор за еднакви можности,МП,МВР, МЗ, МОН | | Број на спроведени кампањи на национално и локално ниво<br>Зголемено ниво на информираност и свесност за проблемот на сите видови насилство | Обезбедени средства од странска помош<br>Агенции на Обединетите нации |
| **2.2** | | Едукации/обука на полицијата, социјалните работници и медицинскиот персонал во однос на третманот на домашното насилство и сите видови на насилство | МТСП Сектор за социјална заштита,, МП,МВР, МЗ, | | Број на спроведени едукации наменети за професионалните структури<br>Зголемено ниво на информираност и свесност за проблемот на сите видови насилство и посебно на домашното насилство, на полицијата, социјалните работници и медицинскиот персонал | Обезбедени средства од странска помош<br>Агенции на Обединетите нации мош |
| **3** | **Стратешка цел III**<br>**Унапредување и ефикасно спроведување на законската регулатива институционалната заштита и координација и соработка во** | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **борбата против насилството** | | | | | |
| **3.1** | | Изготвување и спроведување на програми/стратегии за броба против насилството-Ревизија на постоечката Стратегија за семејно насилство | МТСП Сектор за социјална заштита | 2012 | Ревидирана Стратегија | Нема фискални импликации |
| **4** | **Стратешка цел IV**<br>**Превенција и заштита на жртвите на трговијата со жени и деца** | | | | | |
| **4.1** | | Спроведување на обуки, средби, студиски посети на стручните лица вклучени во превенцијата и заштита од трговија со луѓе (Обука на директори на ЦСР, на стручните тимови при ЦСР) | МТСП-Сектор за еднакви можности | 2012 | Спроведени 4 обуки | 150.000, 00 од буџетот на МТСП, Програма Еднакви можности на жените и мажите |
| **4.2** | | Издавање на информатор на четири пати во годината | МТСП-Сектор за еднакви можности | 2012 | Издадени 4 Информатори | Обезбедени средства од странска помош преку |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Германското друштво за меѓународна помош |
| | | Функционирање на Центар за лица-жртви на трговија со луѓе | МТСП-Сектор за еднакви можности | 2012 | Број на згрижени лица и психо-социјална поддршка | 248.400,00 денари обезбедени средства од буџетот на МТСП, Програма Еднакви можности на жените и мажите |
| 5 | **Сузбивање на семејно насилство** | | | | | |
| **5.1** | | Следење на имплементација на законските одредби за семејното насилство заради нивно понатамошно унапредување | МТСП-Сектор за социјална заштита,, МП, МВР, МЗ | 2012 | Зголемен број на интервенции и на успешно решени случаи од надлежните власти | Нема фискални импликации |
| **5.2** | | Воведување на унифициран систем за прибирање и анализа на податоци за случаи на семејното насилство | МТСП-Сектор за социјална заштита,, МП, МВР, МЗ | 2012 | Воспоставена база на податоци и мрежа на институции кои ја користат, одржуваат и хранат | Обезбедени средства од странска помош<br>Агенции на Обединетите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | нации мош |
| **5.3** | | Изготвување и спроведување на програми/ стратегии за борба против семејното насилство | МТСП-Сектор за социјална заштита, МП, МВР, МЗ | 2012 | Зголемени капацитети за справување со семејното насилство кај надлежните органи<br>Зголемено ниво на сензибилизираност, разбирање и препознавање на појавата на семејното насилство кај широката јавност<br>Зголем број на пријави и адресирани случаи на семејното насилство | Обезбедени средства од странска помош<br>Агенции на Обединетите нации |

**7.ЖЕНИТЕ И МИРОВНИТЕ АКТИВНОСТИ**

| **Р.б** | **Стратешка цел** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Фискални импликации** |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **СТРАТЕШКА ЦЕЛ I** **Интегрирање на родовата перспектива во мировната и безбедносната политика на Република Македонија** | | | | | |
| **1.1** | | Организирање на информативно, едукативни и промотивни активности за јавна промоција и запознавање со Резолуцијата 1325 - Жени мир и сигурност на СБ ОН и родовата перспектива (организирање на обуки, семинари, работилници за запознавање со Резолуцијата 1325, родовата димензија на конфликтите, родовите прашања, човековите права на жените и нивната заштита за време на конфликти и улогата на жените во изградбата на мирот) | МТСП | 2012 | Број на работилници, обуки, јавни дебати и други промотивни настани | Обезбедени средства од странска помош UN WOMEN во висина од 521.300,00 денари |
| **1.2** | | Изработка на Национален акциски план за Имплементација на Резолуцијата 1325 | МТСП | 2012 | Изработен НАП и усвоен од Влада на РМ | Обезбедени средства од странска помош UN WOMEN во висина од 234.000,00 денари |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.3** | | Изработка на програми за обука и реализација на обука за припадниците на безбедносните служби, мировните мисии, од перспектива на родовата рамноправност и правата на жените. | МТСП, МО | 2012 | Спроведена обука | Од буџетот на МО<br><br>20.000,00 денари |

| **8. ЖЕНИТЕ И МЕДИУМИТЕ** |
|---|

| **Р.б** | **Стратешка цел** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Фискални импликации** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Зголемување на јавниот притисок и одговорноста на медиумите за промоција на родовата перспектива и поттикнување на нестереотипното претставување на родовите во медиумите** | **Следење на почитувањето на постојните законски одредби од аспект на третманот на родовите прашања.** | СРД | 01.01.2012-31.12.2012 | Вршење мониторинг, констатирање повреди на одредбите од Законот и изрекување мерки согласно своите надлежности<br><br>-Редовен мониторинг на радиодифузерите од аспект на почитување на Законот и постапување по поплаки на граѓаните | Нема фискални импликации |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | **Зголемување на јавниот притисок и одговорноста на медиумите за промоција на родовата перспектива и поттикнување на нестереотипното претставување на родовите во медиумите** | **Собирање детални родови статистики и податоци за вработените во медиумите.**<br><br>- Изработка на Анализа за структурата на вработените во електронските медиуми според работните места, според степенот на образование и според родовата застапеност | СРД | 01.01.2012-31.12.2012 | Објавување на анализата на веб страницата на Советот. | Нема фискални импликации |

Одобрил:

Министер

Спиро Ристовски